# Итна средба со Заев и децентрализација на моќта на министерот, бараат културните работници

Општество / Култура

20.02.2019
02:33



Немаме веќе простор, ниту милиметар, за да си ги нервираме најталентираните луѓе, децата кои живеат и работат тука и кои ни се единствената надеж да направиме нешто добро. Да се децентрализира моќта на министерот, да се воведе систем за правилен развој и негување на културните вредности, да се дефинираат критериуми и да има одговорност, порачаа културните работници, потписници на Иницијативата „Култура е насловна страна на секое општество“.

Тие, синоќа на прес-конференција ги повторија барањата: итна средба со премиерот Зоран Заев, неговата советничка за култура Цветанка Ласкова, министерот Асаф Адеми и националниот координатор Роберт Алаѓозовски, транспарентна ревизија на поддржаните и повторно разгледување, особено на одбиените проекти со новата Програма, зголемување на буџетот за културата и финализирање на Законот за јавен интерес во културата.

„Зошто Влада што има реформски карактер би сакала да ги стави во ваква позиција највлијателните и најевропски ориентираните луѓе и организации“, праша Мирко Попов од ПМГ Рекордингс, квалификувајќи ја распределбата на средствата од годинашната Програма за култура како скандалозна и како навреда за сите што работат и постигнуваат резултати.

Одговорноста за распределбата на државната поддршка Попов не ја гледа само во министерот, туку, како што рече, во целата Влада.

„Распределбата на средствата е сиптом на она што подолго време се случува во културата. Потребен е посериозен третман, евалуација и валоризација на сите културни работници – истакна Билјана Тануровска Ќулавковски од „Локомотива“.

СветЖивотУжива
Смешни одговори на децата

Став
Право на грешка

Филм
Мексико сити од спомените на Алфонсо Куарон

Општество
Контраспин: Секој висок функционер, па и Бектеши, може да влијае за вработување на блиски

Став
Клати врата, земај и сдсм-плата!

ЕвропаОпштество
Запрете ги интернет теориите на заговор пред да ја скршат демократијата

Свет
Неволји со пријателите...

Општество
Ѓоргиев: Толкувањето на минатото треба да се денационализира

Сите статии

Пара ВЕСТИ
- МВР откри терористи: Се преговара за помирување и вработување
- Скопските возачи предупредуваат: околу дупките се појавуваат улици
- Македонците се договориле својата земја да ја викаат Македонија кога Грците не слушаат

Пара ФОТО




Желба

Око

Карикатури од брачниот живот




СЕКОЈ ДЕН ПЕСНА

Вислава Шимборска

**Пештера**

Тишина - но по гласовите. Не од родот на тромите тишини. Тишина што некогаш свои грла, свирчиња и тапани имала.

20.02.2019









Во врска со Програмата оцени дека проектите досега адекватно не се разгледани, освен одбиените од драмската и музичко-сценската дејност.

„Треба особено да се обрне внимание на одбиените и на поддржаните со недоволен износ кои доставиле комплетна документација, комплетна програма и издржани проекти, а се познати и признати на домашен и на меѓународен план", нагласи Тануровска Ќулавковски.

Како што рече Рисима Рисимкин, Иницијативата е повик да се почне дијалог за заедничко решавање на итните проблеми. Таа очекува одговорните луѓе да ги препознаат заложбите на културните работници и во најскоро време да одговорат на нивните барања.

„Ќе предложиме мерки за создавање ново, чисто и јасно поле за делување во културата. Бараме воведување на критериумот „одговорност". Употребата на овој критериум ќе овозможи санкционирање на неправилното работење и на ненаменското трошење на доделените средства", подвлече Рисимкин.

Додаде и дека мора да има исти критериуми за сите, за да се избегнат сите малверзации и неправилности во распределбата на средствата. Распределбата, рече, не смее да биде по случаен избор и во случајни околности, туку според претходно утврден, воспоставен систем.

На прес-конференцијата беше укажано дека е неопходно формирање работна група што ќе ги подготви критериумите за оценување на пријавените проекти, а бодовите треба да претставуваат сума на средствата што ќе се доделуваат.

Зад Иницијативата „Култура е насловна страна на секое општество" стојат: Локомотива – Центар за нови иницијатива во уметноста и културата, Театар на Навигатор Цветко Кино Култура – проектен простор за современи изведувачки уметности и култура, Факултет за работи што не се учат (ФРУ)/ АКТО Фестивал за современи уметности, Интерарт културен центар – Танц Фест Скопје и Скопје танцов театар, како и ПМГ Рекордингс. Поддршка на иницијативата даваат и други работници од областа на културата.

За скандалот во ресорот култура новиот состав на Антикорупциската комисија веќе оформи случај чиј исход јавноста го очекува.

Барања претставени на прес конференција на 19.02.2019. на Инцијатива Културата е насловната страна на секое општество:

1. Средба со премиерот на Република Македонија, министерот за култура на Република Македонија, советникот за култура на премиерот, национален координатор за развој на културата и меѓуресорска соработка

Ние, предлагачи на иницијативата „Култура е насловна страна на секое општество" бараме итна средба со премиерот Зоран Заев, министерот за култура Асаф Адеми, советничката за култура на премиерот Цветанка Ласкова и националниот координатор за развој на културата и меѓуресорска соработка Роберт Алаѓозовски, на која ќе ги образложиме нашите барања и ќе понудиме предлог решенија за надминување на настаната ситуација. Нашето долгогодишно искуство и опстојување во сферата на културата и постигнатите успеси во земјава и надвор од неа, јасно зборуваат за нашиот кредибилитет и капацитет за понатамошно делување. Ние ќе предложиме мерки преку кои овие прашања можат да се решат, како и примери на кој начин овие прашања се решени и како се третираат во други земји, со цел да создадеме ново, чисто и јасно поле за делување во културата. Нашата иницијатива е основана со цел да се избориме за воведување на СИСТЕМ кој ќе помогне во понатамошното делување во културата и правилен развој и негување на културните вредности во едно општество за сите, сакаме да помогнеме, да укажеме и во иднина да делуваме според утврдени правила, кои ќе обезбедат овие услови да се спроведат. Очекуваме, одговорните луѓе на челните позиции во државава, да ги слушнат нашите укажувања, да ги препознаат нашите




## Е-библиотека




**Женското прашање и социјалистичкото самоуправување (на хрватски)**

Една од најважните теориски книги на југословенскиот феминизам.

Што жените именуваат како машко мислење? / Еманципација и технологија / Историјата и социјалистичката природа / Историјата и природата на жената

Преземи

## Анкета

**Дали во вашето место на живеење имате проблем со кучињата скитници?:**

- Не, немаме проблем
- Донекаде не
- Донекаде да
- Да, имаме голем проблем

Гласај

## Книга



**Хрониките на Арслан Новинарски**

Хрониките на Арслан Новинарски" е една од новите книги во едицијата Магма на книгоиздателството Темплум. Текстовите застапени во книгата







## Вести (time.mk)

- Дебата за партиска независност на граѓанските организации
- Од полноќ македонските граѓани во Грција влегуваат само со пасош
- Фикус, кактус, орхидеја
- Состанок на АВМУ за нова стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност
- Денеска промоција на книгата „Воздигање над облаците" од проф. Ѓорги Филипов
- Течат роковите за подготовки за претседателските избори

## radio.spodeli.org

**Канал 103** Утринска плеј-листа: четврток (2/2) ~ Félicia Atkinson & Jefre Cantu-Ledesma - Her Eyelids Say

## Боли глава

### Многу е едноставно

Кандидатката која прифатила поддршка од партијата која ни го одзема правото слободно да одлучуваме за нашите тела, која спроведе матка=инкубатор опресија, што укина родови студии, што ги сатанизира нашите сестри - лезбејки и транс жени, што сееше страв од ислам а со тоа и од нашите сестри муслиманки, за која сите што користат социјална помош беа паразити, која ни кажа дека се бориме за „некакви си женски права", нема да го добие мојот глас.

Биљана Котевска, Фејсбук, 18.02.19.

се објавени во периодот 2012-2018 на интернет порталот Окно во рубриката Пара вести.


## Најчитано 7 / 11

1. Љубовни песни
2. Љубов или инстант задоволство?
3. Во НАТО по брзата патека
4. Автобуси на смртта демнат зад секој агол
5. „Миленичка“ - тотално филмско лудило
6. Како Мира „Дизел“ го засени НАТО
7. Уште Посеверна Македонија
8. Поарно северна отколку поранешна
9. МВР откри терористи: Се преговара за помирување и вработување
10. Берза на глупости
11. Ви посакувам непријатна вечер – Михаел Ханеке



NEW BALKAN POLITICS JOURNAL OF POLITICS
QUEER.MK
on-line ГЛОБУС
ЛИБЕРТАС
ИНФО
MOJOTGRAD ОД ДРУГ АГОЛ .COM
ping.mk АГРЕГАТОР НА МК Е-СОДРЖИНИ
ГИНА Платформа за истражувачко новинарство и анализи
ДОБРА РАБОТА MK Полесно вработување!


заложби и да обезбедат средбата која ја бараме да се случи во најкраток рок.

2. Транспарентна ревизија на поддржаните проекти и повторно разгледување на одбиените проекти во сите дејности

Досега се направи повторно разгледување само на одбиените проекти. Бараме транспарентна ревизија на поддржаните проекти и повторно разгледување на одбиените проекти во сите дејности. Особено да се обрне внимание на оние организации чии проекти се одбиени или подржани со недоволен износ, кои доставиле комплетна документација и квалитетна програма, а притоа се организации со долгогодишна работа и активно делување во полето на културата и уметноста, признаени како во домашен, така ви меѓународен контекст.

3. Воспоставување на нови и јасно мерливи критериуми за оценување и одлучување

За да се избегнат сите малверзации и неправилности во доделувањето на средства и начинот на делување на културните работници во иднина бараме воведување на јасни, дефинирани и мерливи критериуми кои ќе помогнат во воспоставување на систем на професионална распределба на средствата во конкурсите за програми од национален интерес. Не сакаме повеќе да добиваме средства по случаен избор, во случајни околности. Сакаме, систем кој ќе овозможи работата на секој културен оператор и работник, искусен или млад, да може да се валоризира, систем кој ќе овозможи секој поединец или група, да може да даде максимален придонес во општеството, преку своето делување во културата. Оттаму бараме „одговорност” како критериум, или јасни индикатори преку кои ќе оценува дали и на кој начин е реализирана поддржаната програма. На тој начин ќе се санкционира неправилното работење и ненаменско трошење на доделените средства и ќе се намали/оневозможи доделување на средства на оние субјекти, кои нема да ја остварат поддржаната програма/проект.

4. Зголемување на буџетот за поддршка на културни и уметнички програми

Покрај дефиниран модел на одлучување базирани на јасни и професионални критериуми за распределба на средства планирани од буџетот за култура за конкурсите распишани од Министерство за култура, реакциите од институционалниот и вонинституционалниот сектор на резултатите од конкурс за 2019 година покажаа евидентна потребата за зголемување на буџетот за поддршка на културни и уметнички програми водени од културните оператори во земјава.

5. Финализација и ставање во функција на новиот Закон за јавен интерес во културата

Финализација на „Законот за јавен интерес во културата” кој ќе ги содржи стратешките промени и негово изгласување со што ќе се овозможи правна и обврзувачка основа за негова имплементација.

Дел од работите кои треба да се уредат со Законот се:

- Деконцентрација и децентрализација на моќта на Министерот за културата и неговото влијание во донесување на одлуки за поддршка на конкурсите распишани од Министерството за култура на РМ;

- Развој и имплементација на нов модел на оценување, што подразбира доволен број професионални и профилирани оценувачи, чии број и начин на оценување ќе се дефинира согласно спецификите на секоја дејност;

- Дефинирани буџети по дејности при објавување на повикот со дадена рамка на максимален и минимален износ по типови и по носители на проекти;

- Воведување на повеќегодишно финансирање за развојни проекти со времетраење од повеќе години, меѓу кои проекти кои се подржани од други европски, регионални или меѓународни фондови;

- Распишување на минимум 2 конкурси за финансирање во текот на годината по дејности (што веќе е предложено во Предлог законот за јавен интерес за култура)

- Воведување на посебни структурни фондови како поддршка на вонинституционален сектор, посебно на организации кои раководат со независни културни простори кои имаат јавен карактер и задоволуваат потреби за професионалците од полето или се бават со специфични современи уметнички форми кои не се застапени или немаат можност да се развијат во рамки на постоечкиот институционалниот систем.

Ова се нацрт барања преставени од Иницијативата кои понатака плански ќе се разработат, особено барањата под точките 3, 4 и 5.





ВИДЕО ИНТЕРВЈУА СКОПЈЕ 1963 2014

комерцијална банка ад скопје





## Виц

Разговараат татко и син:
– Тато имам три девојки и се прашувам за која да се оженам. Сакам совет!
– Види сине! Ќе ти дадам 3000 евра. Дај ѝ на секоја по илјада, почекај неколку месеци и реши.
По неколку месеци:
– Па, сине, што се случи? Што направија со парите твоите девојки?
– Па, првата си купи накит и парфеми. Втората си купи паметен телефон, но купи еден и за мене. А третата ги вложи парите во бизнис, ги умножи многу пати и сега ме покани да ѝ бидам соработник во фирмата. Јас ја избрав третата!
– Виде ли сине дека ти помогнав. И кој е заклучокот, зошто ја избра третата?
– Затоа што имаше најголеми цицки!

## Фото

**Валентина Бактијаревиќ**

Изодено небо

Фотографии: МИА

одговорност / критериуми / Министер за култура / Иницијатива „Култура е насловна страна на секое општество“ / децентрализација на моќ

Tweet G+ Like 0

## Слични содржини



**Општество / Култура**
Реакции по повод предлогот Зеќирија Ибраими да биде нов министер за култура



**Општество / Култура**
Културата ја замислувам како динамичен систем заснован на четири столбови



**Општество / Култура**
Нови рокови за одбиените проекти од култура



**Општество / Култура**
А сега една вест од куртулата, пардон куртула



**Општество / Книжевност / Култура**
За жабата-молец, по потекло од Југославија



**Општество / Став / Психологија**
Што значи да се живее и сожвее со „говорот на омраза“?



**Општество / Култура / Теорија**
Незрела свест



**Општество / Екологија / Култура**
Охридскиот регион мора да се заштити








## Погледнете

1. Сашо Орданоски - Што е посилно: стравот или надежта?
2. Владимир Глигоров - Као лав
3. Boris Buden – intervju
4. Трагедијата кај Ласкарци ги потресе земјата и регионот
5. Северна Македонија - име кое тешко ќе заживее
6. Македонија тагува за 14 загубени животи


117 БЕСПЛАТНИ е-книги Е-БИБЛИОТЕКА




ТЕМПЛУМ





### Февруари 2019

| Пон | Вто | Сре | Чет | Пет | Саб | Нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 28 | 29 | 30 | 31 | 1 | 2 | 3 |
| 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| 25 | 26 | 27 | 28 | 1 | 2 | 3 |

Кликни на датумот за да ги прочиташ статиите од тој ден.

### Пријатели

templum.com.mk | kontrapunkt-mk.org | koma.com.mk | gem.org.mk | plostadsloboda.org | maturanti.com.mk | classicforever.blogspot.com | fokus.soros.org.mk | www.makedonski.info | Сараевски тетратки | http://www.elektrobeton.net/ | 4secondsbehind.blogspot.com | ping.mk | pescanik.net | idsb.org.mk | http://sextures.net | femgerila.crnaovca.mk | sead93.crnaovca.mk | jasnesumjas.blogspot.com | vuna.info | http://vbb.mk | jasnakoteska.blogspot.com | photo-soulz.blogspot.com | ivanblazhev.com | deschoolingclassroom | kalina.blog.com.mk | geroski.mk | filozof.blog.com.mk

2009-2018 okno.mk, сите права се задржани. Не ставаме „колаче" за следење